Република Северна Македонија
Влада на Република Северна Македонија
11-3356/1
12.03.2021

Република Северна Македонија
АГЕНЦИЈА ЗА ЗАШТИТА НА ПРАВОТО НА СЛОБОДЕН ПРИСТАП ДО ИНФОРМАЦИИТЕ ОД ЈАВЕН КАРАКТЕР
03-107/1
12.03.2021

*Свесни за промоција на правото на слободен пристап до информациите од јавен карактер, и за ефективно остварување на правата и слободите на граѓаните за зголемување на одговорноста на институциите преку зајакнување на активната транспарентност на Владата на Република Северна Македонија и на органите односно организациите кои одговараат пред неа, а со цел доследно спроведување на стратешките определби содржани во Стратегијата за транспарентност на Владата на Република Северна Македонија (2019 – 2021)*

*Страните склучија:*

# МЕМОРАНДУМ ЗА СОРАБОТКА

**За спроведување на определбите содржани во Стратегијата за транспарентност на Владата на Република Северна Македонија (2019 – 2021)**
**Во Скопје, на 12 март 2021 година**

**Склучен помеѓу:**

**ГЕНЕРАЛНИОТ СЕКРЕТАРИЈАТ НА ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА,** бул. „Илинден" бр. 2 - 1000 Скопје, застапуван од Мухамед Зеќири - генерален секретар (во понатамошниот текст: ВРСМ) и

**АГЕНЦИЈАТА ЗА ЗАШТИТА НА ПРАВОТО НА СЛОБОДЕН ПРИСТАП ДО ИНФОРМАЦИИТЕ ОД ЈАВЕН КАРАКТЕР,** бул. „Гоце Делчев" бр.18 – 1000 Скопје, застапувана од Пламенка Бојчева – директорка (во понатамошниот текст: АЗПСПИЈК).

*со следната содржина:*

**ГЛАВА I**

**Предмет на Меморандумот**

**Член 1**

Генералниот секретаријат на ВРСМ и Агенцијата за заштита на правото на слободен пристап до информациите од јавен карактер воспоставуваат меѓусебна соработка и поддршка со цел за промоција на правото на слободен пристап до информациите од јавен карактер и зголемување на активната транспарентност, во насока на доследно спроведување на одредбите на Законот за слободен пристап до информациите од јавен карактер („Службен весник на Република Северна Македонија" број 101/2019 година) и заложбите содржани во Стратегијата за транспарентност на Владата на Република Северна Македонија (2019 – 2021).

**ГЛАВА II**

**Цели**

**Член 2**

Соработката меѓу потписниците на овој Меморандум значи:

- воспоставување партнерски однос за промоција на правото на слободен пристап до информациите од јавен карактер и проактивната транспарентност во насока на размена на информации во врска со подготвување и учество на семинари, тркалезни маси, работилници, конференции, стручни расправи, трибини, заедничко организирање на настани, изработка на водичи и други форми на соработка кои ќе бидат договорени меѓу двете страни, а ќе произлезат од нивните актуелни потреби и програмските определби.

**ГЛАВА III**

**Заемни обврски**

**Член 3**

Двете страни потписници на овој Меморандум се обврзани да ги исполнат обврските и да ги почитуваат одговорностите кои произлегуваат од Стратегијата за транспарентност на Владата на Република Северна Македонија (2019 – 2021).

Соработката ќе се координира преку лица за контакт кои се назначуваат од секоја страна посебно и тоа пред сè преку назначување на службено лице во АЗПСПИЈК одговорно за постојана комуникација, соработка, анализа и размена на информациите и податоците за состојбите и службено лице од Генералниот секретаријат на ВРСМ.

Заради остварување на соработката, страните се обврзуваат да утврдат и воспостават постојан механизам за координација и размена на информации.

**Член 4**

Соработката може да се проширува и продлабочува на предлог на секоја од страните потписници на овој Меморандум доколку за тоа постои заемен интерес.

## ГЛАВА IV

**Општи и завршни одредби**

**Член 5**

Во случај на какво било несогласување кое ќе произлезе при спроведување на Меморандумот за соработка, истото ќе биде разрешено помеѓу генералниот секретар на ВРСМ и директорот на Агенцијата.

**Член 6**

Овој Меморандум може да се изменува и дополнува само со писмена согласност меѓу потписниците на Меморандумот.

**Член 7**

Меморандумот се склучува на неопределен период, а влегува во сила со денот на потпишувањето.

**Член 8**

Меморандумот е склучен во четири истоветни примероци, од кои по две за секоја договорна страна.

**ГЕНЕРАЛЕН СЕКРЕТАРИЈАТ НА ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**

**ГЕНЕРАЛЕН СЕКРЕТАР**
**МУХАМЕД ЗЕКИРИ**

**АГЕНЦИЈА ЗА ЗАШТИТА НА ПРАВОТО НА СЛОБОДЕН ПРИСТАП ДО ИНФОРМАЦИИТЕ ОД ЈАВЕН КАРАКТЕР**

**ДИРЕКТОР**
**ПЛАМЕНКА БОЈЧЕВА**